# АГЕНДА

## SELFIEFORTEACHERS- ОНЛАЈН НАСТАН ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

13 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА 14:00 ЧАСОТ
(СЕТ- СРЕДНОЕВРОПСКО ВРЕМЕ)

---

### РЕЗИМЕ


Во рамките на регионалната иницијатива за дигитално образование во Западен Балкан, Европската фондација за обука (European Training Foundation- ETF), во соработка со Здружениот истражувачки центар на Европската Комисија (Joint Research Center- JRC), Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија организираат онлајн настан за дисеминација и дискусија во однос на резултатите од студијата SELFIEforTEACHERS[1] спроведена во средното образование во Северна Македонија.

Резултатите од студијата имаат за цел да го поддржат развојот на дигиталните вештини кај наставниците кои работат во средното образование и да придонесат кон унапредувањето на


[1] SELFIEforTEACHERS | Почетна страница (europa.eu)

образовната политика заснована на податоци и докази во Северна Македонија.

Резултатите од студијата се засноваат на употребата на SELFIEforTEACHERS, повеќејазична дигитална алатка за самооценување изготвена за да им помогне на наставниците да размислуваат за употребата на дигитални технологии во наставата и нивната практична работа. Алатката ги поддржува наставниците во понатамошниот индивидуален развој на нивните дигитални компетенции. Студијата, исто така, ги поддржува засегнатите образовни институции на национално ниво во изготвувањето стратегии за професионален развој и обука за наставниците, опфаќајќи ги и програмите за иницијална едукација на наставниците и програми за стручно усовршување на работното место.

Онлајн настанот ќе ги претстави клучните наоди од студијата во Северна Македонија, поканувајќи ги релевантните чинители, давателите на обуки, училиштата и наставниците вклучени во студијата.

Настанот ги има следните цели:

- Да се презентираат клучните наоди.
- Да се дискутира за следните чекори, и од ЕУ и од национална перспектива

# СРЕДА, 13 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **13:50 – 14:00** | Отворање на Zoom повикот за влез учесниците и за техничка подготовка. |
| **14:00 – 14:20** | Поздравно обраќање<br>- Деирдре Ходсон, службеник за спроведување политики - Образование за животна средина<br>- Олга Бороданкова, Делегација на ЕУ, Северна Македонија<br>- Лиза Рустико, експерт за развој на човечки капитал - учење преку работа – службеник за врски со Северна Македонија, ETF |
| **14:20 – 14:30** | Дигитално образование во рамките на средното образование во Северна Македонија: подготвување на теренот<br><br>Надица Костоска, Министерство за образование и наука, Северна Македонија |
| **14:30 – 14:40** | Студијата SELFIEforTEACHERS<br><br>Алесандро Бролпито, Виш експерт за развој на човечки капитал, специјалист за дигитални вештини и учење, ETF |
| **14:40 – 15:00** | Клучен наод од студијата SELFIEforTEACHERS<br><br>Анастасија Економу, научен соработник, предводник на проектот SELFIEforTEACHERS, JRC |
| **15:00 – 15:40** | Тркалезна маса: Можни следни чекори<br><br>Учесници:<br>- Тодор Димов- ИТ наставник во СОУ Кочо Рацин, Свети Николе<br>- Олга Самарџиќ, КонЕду Глобал<br>- Анастасија Економу, научен соработник, предводник на проектот SELFIEforTEACHERS, JRC проектен лидер |

| | |
|---|---|
| | - Гордана Јанакиевска, Биро за развој на образованието, Северна Македонија<br>- Ејвис Гишти, генерален директор на Националната агенција за стручно образование и обука и квалификации во Албанија<br><br>Сесија модерирана од Алесандро Бролпито, виш експерт за развој на човечки капитал, специјалист за дигитални вештини и учење, ETF |
| **15:40 – 15:45** | Следни чекори и затворање<br>- Надица Костоска, Министерство за образование и наука, Северна Македонија<br>- Алесандро Бролпито, виш експерт за развој на човечки капитал, специјалист за дигитални вештини и учење, ETF |